Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ КОН ДОГОВОРОТ МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ЗА ЗАЕМНА ЗАШТИТА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ**

Се прогласува Законот за ратификација на Протоколот кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 мај 2007 година.

Бр. 07-2217/1
16 мај 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ КОН ДОГОВОРОТ МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ЗА ЗАЕМНА ЗАШТИТА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ**

Член 1

Се ратификува Протоколот кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите.

Член 2

Протоколот кон Договорот во оригинал на македонски јазик и бугарски јазик гласи:

# ПРОТОКОЛ

**кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите, потпишан во Софија на 22 февруари 1999 година;**

Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, во понатамошниот текст договорни страни;

Имајќи го предвид идното членство на Република Бугарија во Европската Унија;

се договорија да го изменат Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемна заштита и потикнување на инвестициите, потпишан во Софија на 22 февруари 1999 година, во понатамошниот текст "Договор", како што следи:

## Член 1

Во членот 3 од Договорот, ставот 2 се брише и истиот се заменува со два нови става кои гласат:

“(2) Секоја од договорните страни, на својата територија, ќе им обезбеди третман на инвеститорите на другата договорна страна, во однос на управување, одржување, употреба и располагање со нивните инвестиции и дејности поврзани со тие инвестиции, во ист обем и под исти услови кои ги обезбедува на сопствените инвеститори или инвеститорите на некоја трета држава.

(3) Одредбите од став 1 и 2 од овој член што се однесуваат на националниот третман и третманот на најповластена нација нема да се однесуваат на привилегиите кои договорната страна ги дава по однос на нејзините обврски во царинска, економска или монетарна унија, заеднички пазар, слободна трговска зона или по сила на договори за одбегнување на двојно одданочување. “

## Член 2

Во членот 3 од Договорот, ставот 3 станува став 4.

## Член 3

Во членот 6 од Договорот, во ставот 1, пред почетокот на првата реченица се додава следниот текст:

“По исклучок на мерките усвоени од Европската заедница, ...“

## Член 4

1. Овој Протокол претставува составен дел на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите, потпишан во Софија на 22 февруари 1999 година.

2. Овој Протокол подлежи на ратификација и ќе влезе во сила со денот кога е примено последното известување со кое што двете договорни страни заемно се известуваат за исполнување на условите за влегување во сила на овој Протокол, согласно со нивните законодавства.

3. Изготвен во Софија на 3 ноември 2006 година, во два оригинални примерока, секој од нив на официјалните јазици на двете земји, македонски јазик, во согласност со Уставот на Република Македонија и бугарски јазик, во согласност со Уставот на Република Бугарија, при што двата текста имаат еднаква важност.

ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

# ПРОТОКОЛ

**към**

**Договора между правителството на Република Македония**

**и**

**правителството на Република България за взаимна защита и насърчаване на инвестициите**

**/ подписан в София на 22 февруари 1999 г. /**

Правителството на Република Македония и правителството на Република България, наричани по-долу договарящи се страни;

Имайки предвид предстоящото членство на Република България в Европейския съюз;

Се договориха да изменят Договора между правителството на Република Македония и правителството на Република България за взаимна защита и насърчаване на инвестициите /подписан в София на 22 февруари 1999 г. /, наричан по-нататък "Договора", както следва:

## Член 1

В Член 3 от Договора алинея 2 се заличава и се заменя със следните две алинеи:

„1. Всяка договаряща страна ще предоставя на своята територия на инвеститори на другата договаряща страна по отношение на управлението, поддържането, използването, разпореждането или прехвърлянето на тяхната инвестиция, и на дейностите свързани с инвестицията третиране в същия обхват и при същите условия, каквито предоставя на своите собствени инвеститори или на инвеститорите от която и да е трета държава.

2. Разпоредбите на т. 1 и 2 относно националното третиране и режима на най-облагодетелствана нация няма да се прилагат към привилегиите предоставяни от Договарящата се страна по силата на нейните задължения като член на митнически, икономически или валутен съюз, общ пазар или свободна търговска зона, или по силата на споразумения, отнасящи се до избягване на двойното данъчно облагане."

## Член 2

Алинея 3 на Член 3 се преномерира и става ал.4.

Член 3

В Член 6 от Договора в началото на първото изречение на алинея 1 от се включва следния текст:

„Без да се засягат мерките, приети от Европейската общност ...”

Член 4

1. Този Протокол е неразделна част от Договора между правителството на Република България и правителството на Република Македония за взаимна защита и насърчаване на инвестициите /подписан в София на 22 февруари 1999 г. /

2. Този Протокол подлежи на ратификация и влиза в сила от деня, следващ датата, на която е получено последното от уведомленията, с които двете договарящи се страни се известяват взаимно, че са изпълнени изискванията на законодателството на всяка от тях за влизането му в сила.

*Изготвен в* ...София........ *на* 3 ноември *2006 г. в два оригинални екземпляра, всеки от които на официалните езици на двете страни - македонски език съгласно Конституцията на Република Македония и български език съгласно конституцията на Република България, като двата текста имат еднаква сила.*

ЗА ПРАВИТЕЛСТВОТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЯ:

ЗА ПРАВИТЕЛСТВОТО НА
РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ:

Член 3

Министерството за финансии на Република Македонија се определува како орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на овој протокол.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".